РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 01 - 163/2
09. 09 2021 год.
Свети Николе

ДО

Совет на Општина Свети Николе

Предмет: Достава на Годишна програма за работата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе

Почитувани,

- Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе ви доставува Годишна програма за работата за учебната 2021/22 година број 01-163 од 06.09.2021 година согласно член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и бара од Вас истата да ја усвоите.

Во Прилог ви доставуваме:

- Одлука за усвојување од Управниот одбор на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе

Со почит,

Ј.О.У.Д.Г.Рахилка Гонева
Свети Николе
Директор
_______________
Билјана Василова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 02 - 164/4
09.09 2021 год.
Свети Николе

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и член 29 став 1 алинеа 2 од Статутот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Св. Николе и Управниот одбор на седницата оддржана на ден: 09.09.2021 година донесе:

# О Д Л У К А

## За усвојување на Годишна програма за работа на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе за учебната 2021/22 година

**Член 1**

Се усвојува Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Рахилка Гонева" Св. Николе за Учебната 2021/2022 година број 01-163 од 06.09.2021 година.

**Член 2**

Управниот одбор му предлага на Советот на општина Свети Николе да ја усвои Годишната Програма за работа за учебната 2021/2022 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и истата да се достави до Советот на Општина Св.Николе.

Управен одбор:
Претседател:
________________
/Павле Јованов/

**ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „РАХИЛКА ГОНЕВА“ СВЕТИ НИКОЛЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 01-163
06.09 2021 год.
Свети Николе




# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТАТА НА Ј.О.У.Д.Г. „РАХИЛКА ГОНЕВА“
## СВЕТИ НИКОЛЕ

## ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

**СВЕТИ НИКОЛЕ, СЕПТЕМВРИ 2020**

Содржина:

ВОВЕД ..........................................................................................................................

**2.** УСЛОВИ ВО КОЈ РАБОТИ ДЕТСКАТА ГРАДИНКА .............................

**3.** АУДИО-ВИЗУЕЛНИ И ДИДКТИЧКИ СРЕДСТВА .................................

***МИСИЈА НА ГРАДИНКАТА РАХИЛКА ГОНЕВА**......................................

***** *ВИЗИЈА НА ГРАДИНКАТА РАХИЛКА ГОНЕВА*......................................

***МОТО НА ГРАДИНКАТА РАХИЛКА ГОНЕВА**..........................................

***ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА**.........................................................................................................

**4**.ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ..................................................................................................

**5**. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА ...........................................................................

- АДМИНИСТРАТИВНО-ОРГАНИЗАТОРСКА ФУНКЦИЈА ..................

- ПЕДАГОШКО-ИНСТРУКТИВНА ФУНКЦИЈА .....................................

- ВИЗИЈА ПОД МОТОТО „ГРАДИНКА СО ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ И НАПРЕДУВАЊЕ" .....................................................................

**6.** ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА .........................................................................

**7**. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МУЗИЧКИОТ ПЕДАГОГ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА ..............................................................

**8**. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА ...........................................................................

**9.** ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГ ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА ...................

**10.** ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВОСПИТУВАЧИ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА ........................................................................................

**ВОВЕД:**

Годишната програма претставува основен документ во кој се испланирани сите педагошки активности, одредени задачи и цели како и начинот на координирање на сите дејствија на педагошките субјекти во градинката, непосредно и општествената заедница. Годишната програма се темели на законски одредби во целокупното нејзино планирање и дејствување.

Врз основа на член 174 став 4 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ) (Службен весник на РМ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ број 104/19,146/19 и 275/19)

Министерот за труд и социјална политика донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН И ИНДИКАТОРИТЕ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА УСПЕХОТ НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД РАЗВОЈНИОТ ПЛАН И ГОДИШНИОТ ПЛАН НА УСТАНОВАТА КОЈА ВРШИ ДЕЈНОСТ ВО РАМКИТЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ.**

Годишната програма за работа за учебната 2020/20201год. во Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Рахилка Гонева" Св. Николе е изготвена врз Основите на **Програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст** од 15.10.2007 издадена од Бирото за развој на образованиeто на Р.Македонија, **Законот за заштита на децата на Р. Македонија** (службен весник на РМ број 22/13 и 12/14(Службен весник на РМ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РСМ број 104/19,146/19 и 275/19)

**-1.**Програма за рано учење и развој (Сл. Весник на РМ бр. 22/13 и 12/14 од 06.03.2014 г.); која е базирана врз **Стандардите за рано учење и разво**ј - кај децата од 0 до 6 год.возраст – документ изработен од Министерство за труд и

социјална политика на Р.С.Македонија и канцеларијата на UNICEF

- **2.** Програма за едукација на децата од предучилишната возраст во установите за згрижување и воспитување на деца со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна (децата од 5 годишна возраст и родителите), **“Упатство за реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите“** (деца од 4 до 6 години), вклучување во проектот **”Интеграција на еколошката едукација”** во македонскиот образовен систем;

**3.** Посебна програма за надминување на проблемот на рамните стопала кај деца од 4-6 годишна возраст (член 168 став 9 од Законот за заштита на децата;

**4**. Превентивна Програма за едукација на оралното здравје кај деца од 5 годишна возраст;

**5.** Вклучување во **Проектот ”Да ги заштитиме децата во сообраќај”** (деца од 2 до 6 години);

**6**. **Хуманитарно едукативен проект “Од дете за дете”** (од 2-5 годишна возраст и родителите во корелација со МТСП и Центар за Социјална работа;

7. Вклучување во **Проектот “Бон- тон“** за деца под мото **“Однесувај се убаво и пристојно”** (4-10 годишна возраст, а во дел од активностите ќе бидат вклучени и децата од 2-4 години) и вклучување во **Проектот “Градот низ детските очи“** (деца од 5 годишна возраст),

**8**. **Проектот “Садница плус“** (деца од 4 до 6 години),

**9**. **Проектот “Семејството и семејните вредности“** (деца од 4 до 6 години)

**10**. **Проектот “Рециклирање со имагинација“** (деца од 3 до 6 години),

**11**. **Проектот “Моја хигиена – Моја навика“** (деца од 2 до 6 години),

**12. Проект„Здрави животни навики„(деца од2 до 6 години),**

**13. Проект„Традиционални игри„(деца од 2 до 6 години),**

**14. Проект„Спорт и спортски активности„(деца од 2 до 6 години),**

**15.Проект„Воведување на почит кон различностите и мултикултурализмот во раниот детски развој(деца од 5 до 6 години)**

При планирањето на воспитно-образовната работа се поаѓа од правата на детето, интересот, желбите и актуелноста на темите. Планирањето се реализира тимски со учество на воспитниот и стручниот кадар. Предучилишното –воспитание и образование имаат големо значење за општиот и сестран развој на децата од предучилишната возраст. Тоа е период кога се создаваат основите за понатамошното воспитание и образование кое организирано се остварува во Јавните детски градинки и на специфичен начин придонесуваат за остварување на општата цел на единствениот воспитно-образовен систем.

Основната цел и задача на дејноста за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишната возраст се:

- Создавање поволна едукативна средина во која детето ќе се здобива со искуство, а со организиран систем на методи и содржини ќе се подготвува за сознавањата и откривањата за себе и својата околина.

- Да ги зачува, подржи, поттикне, насочи, развие и облагороди спонтаните активности на детето, почитувајќи ја неговата индивидуалност во откривањето на светот околу себе.

- Развојните законитости кај секоја детска индивидуа претставуваат императив за потребата од сознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете.

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува и остварува во детската градинка преку: згрижување, престој, нега,исхрана,воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на

здравјето и за поттикнување на интетелктуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социалниот развој на детето до 5 години живот т.е. до вклучување во образовниот процес.

Детската градинка според времетраењето остварува програми за целодневен и полудневен престој.

Според возраста и психофизичкиот развој на децата тие во Ј.О.У.Д.Г.”Рахилка Гонева” се рапоредуваат по групи:

5 групи од јаслена возраст (развоен период до 2 години)

3 групи – целодневен престој (развоен период од 2 до 3 години)

3 групи – целодневен престој (развоен период од 3 до 4 години)

3 групи – целодневен престој(развоен период од 4 до 5 години)

4 групи целодневен престој-година пред поаѓање во училиште (развоен период од 5 до 6 години)

1 група хетерогена (развоен период од 2-6 години)

- И ОВАА ВОСПИТНА ГОДИНА ГРУПАТА НА ЦЕЛОДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ВО ДРУГИ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ (ООУ „Кирил и Методиј“ Свети Николе НЕМА ДА БИДЕ ОРГАНИЗИРАНА ОД ПРИЧИНА – КОВИД -19. Комисијата за заразни болести недозволи да бидат отворени овие групу и оваа година заради претпазливост.

## 2.УСЛОВИ ВО КОЈ РАБОТИ ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Јавната општинска установа за деца - Детска градинка “Рахилка Гонева” целосно гравитира на територијата на општина Св. Николе и општина Лозово, својата воспитна образовна дејност ја реализира во три објекти кој се од тврда градба.

- Објект во Св. Николе на ул. Кочо Рацин бр. 41

- Објект во Св. Николе на ул. Филип Втори б.б.

- Објектот на ул. Кочо Рацин бр. 41 Св. Николе е така поставен и истиот обезбедува сончева изложеност и осветлување, естетски уреден, адекватен и соодветен на педагошките барања спрема капацитетот за сместување на децата. Објектот содржи:

-простории за деца (14 занимални: 3 занимални-развоен период до 2 години, 11 занимални-развоен период од 2-6години .

- заеднички простории
- музички кабинет
- просторија за стручен кадар
- административни простории

Во објектот на почетокот на учебната година престојуваат: 224 деца.

Објектот на ул. Филип Втори  б.б. Св. Николе располага со 8 занимални:

- 2 занимални-развоен период до 2 години, 5 занимални-развоен период од 2-6 години и 1 занимална е дадена на Центарот за социјална работа и се користи како „Дневен Центар“ за деца со посебни потреби во развојот.

# Во објектот на почетокот на учебната година престојуваат:  100 деца

**Работно време , структура на вработените во градинката, и организација на времето**

Работното време на детската градинка започнува во 05,30 часот и завршува во 17 часот. Во тој временски интервал родителите можат да ги носат децата во градинката секој според своите потреби со што настојувавме приемот да биде до 08,30 часот за да можат децата да ја следат секојдневната програма заедно со своите другарчиња. Престојот ќе биде организиран во две форми целодневен престој и полудневен престој. Работното време на вработените во установата е регулирано со член 67 од законот за Заштита на деца Сл. весник 23/13 на РМ, статутот на установат, одлуки на директорот за работно време, Одлука на Совет на Општина Свети Николе број  0801-1195 од 31.08.2021 година, Правилникот за систематизација во кои што се наведени описот и работните задачи според работното место.

- **Целодневен престој  / Продолжен престој**

**Активности / Време**

**-** прием на децата и слободни активности до 8,15 h

- подготовка за појадок 8,15 h

- реализација на дневното планирање 9,00 h

- ужинка 10,00 h

- тоалет и подготовки за спиење 10,20 h

- пасивен одмор – спиење 10,50 h

-подготовки за ручек 12,50 h

-тоалет

- ручек 13,10

- миење раце и тоалет 13,40 h

- слободни игри и престој на воздух 14,00 h

- ужинка 15,00 h

- реализација на дневното планирање 15,30 h –

- слободни игри 16,00 h

- заминување на децата до 17,00 h

*** Полудневен престој**

**Активности / Време**

- прием на децата и слободни активности до 7,30 h

- утринска гимнастика 7,45 h

- реализација на дневното планирање 10,00 h

-ужинка 10,30 h

- реализација на дневното планирање 11,00 h

- прошетки, набљудување и престој на воздух 11,45 h

-средување на центрите за учење 12 h

**Организацијата на дневните активности на децата над три до шест години опфатени со скратени програми во центрите за ран детски развој**

**Скратени програми**

**Активности Време**

**- прием на децата до 8:00**

**- утринска гимнастика 8,00**

**- реализација на дневното планирање -8.45 до 10,45**

**-средување на центрите за учење 10.45-11,00** h

# 3. АУДИО-ВИЗУЕЛНИ И ДИДКТИЧКИ СРЕДСТВА

**а) За подобро и поуспешно реализирање на воспитно-образовниот процес нашата установа располага со следните ауди-визуелни средства:**

- графоскоп
- радио касетафон
- ТВ приемници
- систем со звучници (домашно кино)
- ДВД плеери
- USB приемници-радија

**б) Стручна литература, стручни списанија и литература за деца**

Во установата постои библиотека со стручна литература и списанија за деца.Сите воспитни групи, како и секоја година и оваа година се збогатени со нови сликовници, енциклопедии за деца разни прозни текстови сл. Во групите развоен период од (4-6години) ќе го добиваат списанието “Росица” кој во голема мерка ја олеснува и збогатува работата во воспитните групи, соработката со децата и ги воспитува децата во создавање потреба од култивирање на слободното време.

**в) Опременост на катчињата**

Според потребите во установата направено е значително збогатување на сите групи со игровни и дидактички средства и опрема за катчињата за развивање на тематски и творечки игри, според тоа степенот на опременост на воспитните групи е на задоволително ниво со тенденција и понатаму да се подобрува.

***МИСИЈА НА ГРАДИНКАТА РАХИЛКА ГОНЕВА***

## Знаење и квалитетни луѓе

Организирање секојдневни активности

„Ран детски Развој“,

стимулативност,инспирација,

креативност,соработка,дружење.

Весели и срекни деца да имаме-воспитуваме,едуцираме и игра негуваме.

- Поттикнување на личниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата подеднакво со компетентен и едуциран кадар

- Создавање и негување морални и вредносни ставови и односи, развивање еколошка свест за природната и општествена средина.

- Насочување на децата кон препознавање и почитување на туѓите емоции и мислења.

- Со добрата работна атмосфера и топлиот и грижлив однос на воспитниот кадар веќе со години ја оствaруваме главната цел, а тоа е да се подготват децата за следната животна етапа - Училиштето.

***ВИЗИЈА НА НАШАТА ГРАДИНКА***

**ЈОУДГ “РАХИЛКА ГОНЕВА“**

**“** ЗА НАШАТА ИДНИНА ЗА НАШИТЕ НАЈМИЛИ И НАЈМАЛИ ПОДОБАР ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИПРОЦЕС “

Да воспитаме, едуцираме и испратиме во училиште деца кои ќе ги почитуваат различностите, деца со насмеани лица ,мотивирани за напредок и гордост,а со тоа и гордост за нивните родители.

**Р**адост

**Г**ордост

**О**бразоваие

**Н**егување

**Е**дуцирање

**В**есели

**А** едноставно среќни деца

Стремежот на градинката е да се создадат услови за изведување на современа и квалитетна настава преку која ќе се овозможи задоволување на потребите и интересите на децата здобивање на квалитетни,трајни и примамливи вештини и подигање на еколошката свест кај децата.

***МОТО НА ГРАДИНКАТА РАХИЛКА ГОНЕВА***

“Градинка со еднакви можности за развој и напредување”

***ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА***

1. Организација на животот и работата на детските јасли и градински дел

**Нега и исхрана**

За правилниот психофизички раст и развој на децата во Ј.О.У.Д.Г „Рахилка Гонева” придонесуваат правилната нега и исхраната. Емоционалната поврзаност на детето со претпоставена негователка е најбитниот услов од кој ке зависи како детето ке ги усвојува и применува навиките. Исхраната во градинката е во зависност од должината на престојот на детето. Во текот на денот децата од јаслена возраст добиваат четири оброци, а од градинска возраст три оброци. Пред и за време на оброците со децата се работи на стекнување на хигиенските навики како и на подобрување на оралната хигиена.

- **здравствена заштита**

За заштита на здравјето физичкиот развој во градинката посебно внимание ќе се обрати на:

- санитарно - хигиенските услови
- превентива од заболување на децата во градинката
- контрола и надзор над исхраната
- водење на здравствена контрола
- спроведување на дневни режими прилагодени на возраста и физиолошките потреби кај децата
- следење на растењето, развитокот и здравствената состојба кај децата
- обезбедување на прирачната аптека со лекови

## 4.ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Детската градинка работи според однапред изготвена Годишна програма за работа-Програма за рано учење и развој базирана врз Стандардите за рано учење и развој од 6 март 2014. Содржините, целите и задачите во годишната програма се усогласени со Упатството и насоките добиени од Бирото за развој на образованието.

Покрај оваа програма за работа во детската градинка се изработуваат одделно и Програми за работа на Директорот на градинката, Програма за работа на активот на воспитувачи и негователи како и Програма за работа на Стручните работници и соработници.

**Оваа година воспитно образовната година ќе се одвива според пропишани Протоколи од страна на Министерството за здравство, МТСП и Влада на РСМ кој следи во прилог:**

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА АКТИВНОСТИ ВО УСТАНОВИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ПО УКИНУВАЊЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА**

УСТАНОВАТА

➢**Пред да се отворат установите потебно е да се исчистат и дезинфицираат сите простории во објектите, да се направи чистење и дезинфекција на целата опремата и**

**инвентарот (во занималните, кујнате, магацините, пералните, собата за изолација, административните простори и другите простории во објектите); (од страна на Локалната самоуправа или од Центрите за јавно здравје да се направи дезинфекција на просторот и дворовите во градинките)**

➢**После извршената дезинфекција да се направи проветрување на просториите;**

➢**Установата да обезбеди доволна лична заштитна опрема (маски и ракавици ) за вработените;**

➢Установ**ата да има безконтактен термометар за секој влез на установата;**

➢Установата да обезбеди **доволна количина на средства за одржување на општа и лична хигиена, средства за дезинфекција на вработените и просторот;**

➢**На влезните врати во објектите да има поставено бариера за дезинфекција;**

➢**Хронично болните да бидат ослободени од работа согласно Уредба на Владата која е моментално на сила;**

➢**Да им се укаже на вработените за обврската да го следат сопственото здравје и состојбата на децата при прием и во текот на престојот на децата во установата. Вработените да се однесуваат одговорно и да придржуваат кон општите препораки за превенцијата на КОВИД-19 (физичка дистанца и употреба на лична заштитна опрема), на работното место и вон;**

➢**Веднаш да се отстранат вработените лица од своите работни мести доколку имаат било какви симптоми на болест;**

➢**Да се дезинфицираат прекидачите, кваки на вратите умијалници, масите, столови на секои два часа во текот на денот;**

➢**Да се бришат во текот на денот повеќе пати подовите во објектот, а тепісоните каде што постои можност да се отстранат;**

➢**Активностите во дворот да се реализираат така што ќе се избегне меѓусебен контакт на различни воспитни групи на деца во исто време ;**

➢**Да се направи распоред за прием на децата по воспитна група и да има 10 минути период за прием помеѓу воспитните групи доколку влегуваат на исти влез;**

➢**Да се одбележи пред секој влез на објектите растојание од два метра за родители при предавање на деца (само еден родител кој носи заштитна маска);**

➢**Задолжително мерење температура со безконтактен термометар на вработените при влегување во установа и воведување на задолжително миење на рацете или дезинфекција;**

➢**Задолжително мерење температура со безконтактен термометар на децата при прием во установата и задолжително миење на рацете;**

➢Да се обезбеди растојание од **1,5 - 2м меѓу масите за седење на децата;**

➢**Да се обезбеди креветче и по две постелнина за секое дете;**

➢**Да се стават едукативни постери со препораки за превентивни активности на истакнати места;**

➢**Вработените задолжително да носат заштитни маски на своите работни места;**

➢**Да се врши секојдневна дезинфекција на превозните средства со кои се дистрибуира храна од главната кујна до другите објекти;**

➢**Воспитните групи за деца до 2 годишна возраст да имат максимум по 6 деца и двајца вработени во смена;**

➢**Воспитните групи за деца од 3 до 10 годишна возраст да имат максимум по 15 деца и двајца вработени во смена;**

➢**Секој родител да достави лекарска потврда од матичен лекар за здравствената состојба на своето дете;**

➢**Да се организира престојот на децата на таков начин што ќе се избегне меѓусебен контакт на различни воспитни групи на деца (сместени во одделни простории) во согласност со можностите, игрите се препорачува да се организираат што е можно повеќе на отворено во мали групи;**

➢**Не дозволувајте собирање и меѓусебни контакти на вработените во заеднички простории;**

➢**Лицата кои доставуваат храна задолжително да носат заштитни маски и ракавици, храната за децата да се остава пред занималната, а децата да јадат во својата занимална со предходно направена дезинфекција на масите;**

➢**Установата да обезбеди потврда од родителот/е дека работните задачи задолжително мора да ги извршува/ат на работното место, без можност за работа од дома;**

**ВОСПИТНО /ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР**

➢**Секој вработен мора да носи задолжително лична заштитна опрема (маска) кога е на работно место;**

➢**Практикување на често миење на рацете и посебно внимание да се посвети на потребата од засилени хигиенски мерки во случај на миење, хранење, држење во раце на децата;**

➢При јадење не дозволувајте децата да споделуваат храна едни со други;

➢**Не користете играчки што не се перат и дезинфицираат, особено меки играчки (платнени, плишани) истите да се отстранат од групите-занималните;**

➢Не мешајте играчки помеѓу воспитни групи и деца**, пред да се измијат и дезинфицираат. Воспоставете јасна постапка за миење, дезинфекција и отстранување на чиста и „валкана“ - користена играчка за да го спречите вкрстувањето.**

➢**Воведете задолжително миење на рацете на деца при прием и почести миење во тек на денот, а задолжително после кивање, кашлање, плачење, пред и после консумирање храна и одење во тоалет;**

➢**Воведете задолжителен надзор на децата при миење на рацете;**

**➢Кога менувате пелени во помалите групи, строго почитувајте ја постапката за одржување на хигиената на рацете пред и после менувањето и отстранување на пелени. После промена на пелена, направете миење на рацете на детето, како и миење и дезинфекција на површини и конечно миење на рацете по постапката;**

**➢Кога користите средства за дезинфекција, земете ја во предвид правилната примена во согласност со упатствата на производителот во врска со целта, концентрацијата, начинот на употреба и потребното време за контакт;**

**➢Средствата за дезинфекција се чуваат надвор од дофат на децата;**

**➢Редовно, во согласност со временските услови отворајте ги прозорците, особено во просториите за деца. Не користете вештачка вентилација;**

**➢Пасивен одмор - организирајте го спиењето така што децата да бидат поставени на креветите според принципот „нозе - глава" со препорачано растојание од 1,5 - 2м. Обезбедете единечни кревети и постелнина за секое дете, и истите да бидат обележени со име на детето, строго водете грижа да не се мешаат;**

**➢Спроведувајте засилени воспитни активности со деца, со цел да се олесни разбирањето и усвојувањето на новите правила за заштита од вирусите и стварајте навики кај децата за лична хигиена за важноста на често и правилно миење на рацете (минимум 20 секунди - на пр. со песна), кашлање и кивање во подлактицата за просторна дистанца за која треба да се размислува преку игра на деца - ставете ги да седат на растојание едни од други - на пр. да вежбаат да ги истегнуваат рацете и да ги мавтаат со крилјата за да не се допрат, да избегнуваат да го допираат лицето и др.;**

**➢Контролирајте ги причините за отсуство на деца, контактирајте со родителите а доколку е потребно и со матичниот педијатар или лекар од надлежниот центар за јавно здравје;**

**➢Не спроведувајте организирани групни активности во објектот (настани, итн.), како и организирана посета на места каде што се очекува да се соберат голем број на луѓе (кина, театри и сл.) ;**

**➢Во случај на здравствени промени кај згрижените деца, треба да се превземе следново:**

**-во случај на промена во здравствената состојба (зголемена температура) - изолирајте го детето во просторијата за изолација, веднаш известете го родителот / старателот, доколку детето има температура се препорачува мерењето на температурата да биде со безконтактен термометар, доколку температурата на телото се мери со обичен термометар, потребна е дезинфекција на термометар како и миење или дезинфекција на рацете.**

**➢Проверете го здрављето на другите деца во групата и изолирајте ги сите сомнителни случаи;**

**➢Во случај на потврда на инфекција Ковид-19, не користете го местото каде што престојувало лицето да се извести надлежната епидемиолошка служба во ЦЈЗ која ќе даде понатамошни насоки за функционирање на установата.**

**➢Се препорачува да се избегнуваат игри и активности во кои има контакти, игри со топки како и размена лични предмети играчки и сл;**

**➢Доколку е возможно, децата од воспитната група да го користат исклучиво тоалетот на нивната занимална;**

**➢Се забранува влегување на други возрасни лица освен одговорните лица на групата;**

**РОДИТЕЛИ**

**➢Родителите при носење на децата во градинка задолжително да имаат заштитна маска;**

**➢Да го почитуваат утврденото време за носење на детето во градинката како и просторната дистанца при предавање и земање на детето;**

**➢Носење и земање на детето од градинка да го врши само еден родител освен во исклучителни случаи со најава да биде друго лице;**

**➢Доколку родителот забележи појава на симптоми кај детето (зголемена температура, повраќање или пролив и др.) да не го носи детето во градинка и веднаш да се консултира со лекар;**

**➢Родителот/родителите пред повторно да го вклучи детето во градинката потребно е да достават потврда од работодавач дека работните задачи задолжително мора да ги извршуваат на работното место;**

**➢Родителот да обезбеди лекарска потврда од матичен лекар за здравствената состојба на своето дете ;**

**Дополнување на протоколо со зголемен број на деца во групите**

**Во воспитна група од 2-6 години – 25 деца**

**Во јаслена возраст до 2 годни -15деца**

## 5. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Крупните социјални и општествено-економски промени наметнаа мноштво иновации, нови погледи, нови однесувања и секако многу дилеми и предизвици. Посебно со појава на епидемијата а подоцна и пандемија во нашата држава оваа година 2021, се јавува потреба од стекнување на нови знаења и вештини, а тоа пак од своја страна наметнува потреба за користење на современа образовна технологија за воспоставување на квалитативно нови односи помеѓу децата во воспитно образовниот процес и нова поставеност на градинката. При изготвување и спроведување на програма за работа примарна задача на директорот е:

- да дефинира критериуми, принципи и методи на работата по кои треба да се работи при реализирањето на планот и програмата за работа

- да определува правила и норми според кои ќе се однесуваат вработените при реализирањето на нивните работни задачи

-да определува правила и норми според кои вработените ќе овозможат електронска комуникација – предавање за децата од воспитните групи на националната платформа по препорака и насоки од МТСП И УНИЦЕФ.

- перманентна едукација на директорот, стручниот кадар, воспитувачкиот и негователскиот кадар како носечка сила во работата на установата.

-Вклученост во Проектот Колегијални воспитувачи –напрредно и тековно ангажурање и спроведување, воведување, современа технологија, запознавање и воведување на нови начини и постапки кој произлегуваат од социоемоционалниот развој на децата.

Нивната, а и мојата наобразба би се одвивала во насока на што подлабоко навлегување на нашето работење, повторно преку посета на семинари,

стручни работилници, видео конференциска врска преку платформата Zoom, но пред се на предучилишни установи од други земји, други народи и други култури.

Секако дека комплексноста на работата и работните ангажмани на директорот, а преку него и на стручниот тим зафаќа потреба од познавање и на одредени сфери од менаџментот, финансиското работење, правното работење, асертивната комуникација и сл. Желбата за работа и напредок на институцијата на чие чело се наоѓа еден раководен орган секако дека постојано ги наметнува и зголемува потребите од негово перманентно информирање, едуцирање и надоградување како личност.

Како еден од предусловите за успех е да допринесам во создавање услови вработените во градинката да си ја сакаат ртаботата, да се чувствуваат горди и да уживаат работејќи, бидејќи голем дел од дејноста е поврзана со личните способности, креативноста и мотивираноста на воспитниот кадар. Градинката е специфична работна средина, каде што резултатот не е предмет, не е дизајн, не е интересно пакување. Тоа е личност, нешто во што треба да се вгради многу трпение, знаење, вештина и расположение, таа не трпи одложување, премолчување и кавга.

Целокупната работа на директорот е распределена на три работни групи:

- административно-организаторска функција

- педагошко-инструктивна функција

- визија под мотото “Градинка со еднакви можности за развој и напредување“

## АДМИНИСТРАТИВНО-ОРГАНИЗАТОРСКА ФУНКЦИЈА

Имено, установата и директорот  кој раководи со нејзиното работење и во текот на наредната година ќе работи во насока на создавање

- позитивна клима во соработка со Локалната самоуправа и МТСП на Р.С.Македонија,  коректни и успешно содржински исполнети контакти со воспитно-образовни институции во Општината и надвор.

- воспоставување на редовна и целосна комуникација со надлежните со цел да изнајдеме заеднички решенија во надминување на финансиските потешкотии кои особено се јавуваат како потреба во сферата на реконсруирањето и одржувањето на постоечките објекти.

- претставување, застапување и афирмирање на јавната установа

- комуникација и соработка со Бирото за развој на образованието, Министерство за труд и социјална политика, единица за локална самоуправа и јавните установи на ниво на Р.С.Македонија

- предлага годишна програма за работа и превзема мерки за нејзина реализација

- поднесува извештај за реализација на годишната програма, извештај за материјално-финансово работење

- ги извршува одлуките на Управниот одбор

- врши прием, распоредување и престанок на работниот однос на вработените, врши и други работи предвидени со закон, статут и другите акти на јавната установа.

## ПЕДАГОШКО-ИНСТРУКТИВНА ФУНКЦИЈА

- Изготвување годишна програма заедно со стручните работници;

- Увид, следење и насочување на работата на стручните работници, соработници, воспитувачи и негователи;

- Мерки и активности за Заштита на здравјето на децата;

- Планирање и програмирање на работата на стручниот совет на установата, насочување на кадарот за соработка со родителите - како непосреден партнер во нашата дејност;

- Насочувања на вработените за одржување на подобри хигиенски услови во установата.

-Изготвување на Личен професионален план заедно со стручните работници.

**ВИЗИЈА ПОД МОТОТО**

**„ГРАДИНКА СО ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ И НАПРЕДУВАЊЕ“**

“ ЗА НАШАТА ИДНИНА ЗА НАШИТЕ НАЈМИЛИ И НАЈМАЛИ ПОДОБАР ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИПРОЦЕС “

Да воспитаме, едуцираме и испратиме во училиште деца кои ќе ги почитуваат различностите, деца со насмеани лица ,мотивирани за напредок и гордост,а со тоа и гордост за нивните родители.

**Р**адост

**Г**ордост

**О**бразоваие

**Н**егување

**Е**дуцирање

**В**есели

**А** едноставно среќни деца

Оваа визија се однесува на мотивација и мобилизација на моите можности и креативности за постигнување подобри услови во кои детето ќе расте и ќе се развива како сестрана личност.

За да го постигнам тоа ќе се залагам во наредниот период - императив ќе биде градинката да стане институција во која нема навредување и дискриминации, сите вработени да умеат да ги ценат промените и преземените ризици, вработените на неочекуваните настани да гледаат како на предизвик и можност а не како на застрашување и пречка во остварување на дејноста.

Исто ќе се залагам за создавање на стимулативна средина и подобрување на условите во кои што ќе престојуваат децата и вработените:

- поставување на енергетски ефикасни светилки во објектот на клон 1 и објектот на клон 2 ;

- замена на кровната конструкција на третиот дел на управна зграда.

-целосна обнова на главната кујна ;

-опремување со нов мебел во занималните масички и столчиња

- детско игралиште

-фасада на зградата клон 1

-обезбедување на комбе за превезување на храната од централната кујна до клоновите

-Професионална Машина за перење постелнина

**Перманентно со ова ќе се залагам за:**

- Успешно спроведување на Програмата за рано учење и развој, ЕКО-програма и останатите програми и проекти кои се предложени и одобрени од МТСП а се во насока на развивање, почитување, мотивирање, поттикнување на детската свест кон културата, семејството и семејните вредности и екологијата.

- Соработка со стручните работници, соработници, воспитувачи и негователи за создавање подобра хармонија во целокупната работа со децата.

- Следење и насочување на изготвување на работилници, следење на родителски состаноци, спроведување на донесените заклучоци

- Работа на активот на воспитувачи, стручниот актив и активот на негователи.

Во оваа прилика **би сакале да истакнам дека се приклучивме кон Facebook групата** Едуино - Национална веб платформа, со цел да бидеме вклучени во заедницата со едукаторите, родителите и партнерите кои постојано придонесуваат кон градење на

платформата. Преку оваа група ќе ги добиваме најновите информации за платформата, известување за нови функционалности и нови објавени образовни ресурси.

-Е-занимални - Министерството за труд и социјална политика во соработка со УНИЦЕФ подготви национална платформа за е-учење и игра. Оваа платформа понуди видеа со разработени воспитно-образовни содржини за деца од сите возрасти вклучувајќи ги и децата на предучилишна возраст од 3-6 години. Видеата се со траење од 15-тина минути и ќе бидат придружени со презентација и нарација/објаснување од воспитувач. За подготвка на видеата сите воспитувачи ќе добијат однапред подготвени обрасци и упатства.

Подршка и напредок кон модерното воспитување.

## 6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Патот што го минува детето во својата преобразба од крајно беспомошно суштество во зрела личност не оди рамномерно и линеарно. Промените со тек на времето вклучуваат безброј динамични интеракции на континуитет и дисконтинуитет, прогресија и регресија во развојниот период, при што секое дете има свое сопствено време и свој специфичен начин на одговор на фазите од раниот развој. Развојниот период кај децата воопшто, а посебно децата со пречки во развојот е исклучително значаен период кој влијае на нивниот натамошен севкупен развој. За максимален развој на децата со пречки во развојот потребно е нивно навремено вклучување во воспитно образовниот процес во предучилишната установа. Научните сознанија и практични искуства говорат за раното откривање и раната интервенција заради обезбедување на висок степен на развој на способности кај овие деца на интелектуален, емоционален и социјален план.

Главната цел на работата на дефектологот е стручната подршка, а оебено значање има во создавање на услови на оптимален и сестран развој на детето, активирање на сите сочувани способности и потенцијали за развој во одделни области во неговото индивидуално однесување (телесно, сензорно, психомоторно, интелектуално, јазично, емоционално, социјално),

ублажување и спречување на секундарни пречки и пореметувања во емоционалното и социалното однесување на детето.

Програмски дефектологот во детската градинка своите работни задачи ги остварува низ два дела:

- едукативен

- клинички

Едукативниот дел во основа се базира врз компонентите на програмата на редовната воспитна програма, со тоа што по обем и време се усогласува со специфичностите и можностите на детето.

Клиничкиот дел на програмата ги опфаќа подрачјата на когнитивните процеси: комуникациите, сензомоторниот развиток, интелектуалните психички процеси, волно-емоционалната сфера, однесувањето, грижата за себе и подрачјето на семејниот и општествениот живот.

За децата во предучилишните установи треба да се обезбедат следните услови:

- да осознава и учи низ игра

- да се биде постојано во интеракции со сите инволвирани субјекти

- да партиципира во рамките на индивидуалните способности

- да има право на сопствено мислење

- да се стимулира, истражува и да доживува успех

Во Ј.О.У.Д.Г " Рахилка Гонева" во учебната 2021/2022 година има вкупно 14 групи во кои има вклучени деца кои покажуваат одредени пречки во развојот манифестирајќи ги на различни полиња најчесто развоен проблем, развојна дисфазија, хиперактивно однесување, забавен развој, неразвиен говор, аутистичен спектар на однесување и др.

Работата на дефектологот се одвива по објекти:

- 3 пати неделно во објектот на ул.Кочо Рацин и

- 2 пати неделно во објектот на ул.Филип Втори

Програмата за работа на дефектологот ќе се сведува на стимулирање на подрачјето на когнитивните процеси,развој на говор и комуникација, сензомоторен развој, инетектуалните и психофизичките процеси, сферата на емоции и вољата и однесувањето.

Програмските активности на дефектологот во текот на учебната 2021/2022 година ќе се реализираат во насока на:

- следење и процена на индивидуалниот развој на децата (опсервација на децата)

- Вежби за реедукација на психомоториката,вежби за внимание- визуелни и акустични,вежби за развој на говорот,развој на говорните органи (усовршување на функциите на говорните органи: вежби на усните, јазикот, начинот на испуштање на воздухот)

- Вежби по флоор програма, АБА–работа со деца со аутизам

- почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирање и реализирање на воспитно-образовната дејност

- мотивација на децата кон различни видови на активности

- следење и вреднување на воспитно-образовниот процес и самовреднување

- почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретни цели

- реално планирање и усогласување со можностите, потребите и интересите на децата условени од потесна и поширока средина

- обезбедување на стимулативна средина, позитивно социо-емоционална клима, нагледност и автентичност на воспитно-образовниот процес

- поттикнување на децата кон истражување, откривање, креативност, планирање и реализирање на планираните цели

- тимско работење и учество во организациони активности (вклучување во работните состаноци, стручен совет, совет на воспитувачи, совет на негователи, комисија за прием на деца)

- соработка со семејството

Непосредната работа со деца во воспитните групи се темели во насока на поттикнување на социјалниот развој, емоционалниот развој, развој перцепции, развој на говор и јазик и сензомоторен развој.

Методите на работа кој ќе бидат користени во секојдневната работа со деца се метод на пример, поттик и пофалба, игра, набљудување, разговор и објаснување.

## 7. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МУЗИЧКИОТ ПЕДАГОГ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Програмата за работа на Музичкиот педагог е усогласена со концепцијата и барањата на Програмата за воспитно-образовната дејност на установата.

Работата на музичкиот педагог ќе се одвива по објекти во вкупно 14 групи:

- 3 пати неделно во објектот на ул. „Кочо Рацин“
- 2 пати неделно во објектот на ул. „Филип Втори“

Планирање и реализација на програмата по музичко воспитување

Главен акцент во работата на музичкиот педагог со децата ќе биде даден на следните елементи–слушање музика од познати композитори, запознавање со најразлични музички жанрови (класична музика, маршова

музика, македонска народна музика, забавни песни и музика за деца), запознавање со најразлични видови инструменти, препознавање на различни видови музика (музички гатанки).

Активностите по музичко воспитување се многу важен фактор кај децата од предучилишна возраст. Кај нив се создава љубов чуство за музиката уште од мала возраст. Кај децата музиката влијае во нивното расположение, во нивниот карактер и темперамент. Кај многу деца со музиката може да се постигнат големи резултати, а посебно кај децата со посебни потреби ги смирува и создава пријатно расположение. Музиката кај децата од најрана возраст има големо влијание во текот на целиот живот.

Соработка со стручни институции и општествената средина

- учество во изработка и реализација на Програмата за јавна и културна дејност во установата

- соработка со музички педагози од други институции

Програмските активности на музичкиот педагог во учебната 2021/2022 година се реализираат во следните подрачја за работа:

- учество во планирање на воспитно-образовната работа

- реализација на истата

- работа со талентирани деца

- изготвување на сценарија за различни потреби

- работа со деца и деца со посебни потреби-музикотерапија

- работа со деца со помалку развиен слух

- развива желба за пеење кај децата (индивидуално и заеднички), со создавање навика за правилно пеење (со отворена уста и тивко)

- создава ведро расположение и развива љувов кон музиката кај децата

- врши подготовка за развивање на музичкиот слух, ритам, помнење и емотивно примање на музиката кај децата

- го негува гласот кај децата и ги поттикнува на разни облици на слободни музички остварувања

- кај децата развива љубов на слушање на музика, како и љубов за учество на децата во музичките активности

- ги воспитува децата на правилно држење на телото и главата при пеење, работи на развивање на јасна дикција, тивко пеење без напрегање и на зголемување на впечатоците од пеењето

- работи на развивање на својата програма за работа, на свое стручно усовршување

- збогатување на кабинетот со нови музички помагала и инструменти

- снимање и преснимување на радио и ТВ емисии каде е присутна музиката

- збогатување на библиотеката со музичка литература

- тимско работење, соработка со стручен тим, тимот на воспитувачи и сите ангажирани околу манифестациите

- организација на посета на музички манифестации, фестивали, приредби,

- театри и различни музички случувања

- директно учество во сите манифестации, приредби, настапи и сл

- соработка со семејството

Во остварувањето на активностите ќе се применуваат наставни форми и методи-истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и друга форма, а од методите ќе се користат:

- метод на разговор, дискусија, метод на практична работа, демонстративна и друга.

Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста и слободното изразување на своите чувства преку вокалната интерпретација.

## 8. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОГОПЕДОТ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Говорот е форма на научено човечко поведение што му служи на човекот, прво како средство за лично изразување и второ како средство за меѓучовечко општење, тоа е значаен фактор во развитокот на личноста и во нејзината социјализација.

Развој на говорот се одвива по свој хронолошки редослед. Секое отстапување од тој редослед кој се карактеризира со неправилности или недостатоци во говорниот развој на детето треба соодветно и навремено да се третира од страна на логопед.

Современиот третман вклучува рано започнување на работа со детето. Најуспешен развој се постигнува помеѓу 2-5 годишна возраст, додека пластичноста на детската мозочна функција е најголема.

Раното откривање и раната интервенција заради обезбедување на висок степен на развој на способности кај овие деца на интелектуален, емоционален и социјален план.

Работата на логопедот за учебната 2021/2022 година ќе се реализира во 14 воспитни групи на возраст од 3-6 години по следниот план:

- запознавање со групата и опсервација

- Откривање и индетификација на деца со говорно-јазични пореметувања

- организирање на непосредна работа со деца

- тераписка постапка (поттикнување на говорниот развој, третман за неразвиен говор, развој на рецептивен говор, развој на експресивен говор, отстранување и ублажување на balbuticio, отстранување и ублажување на ринолари и корекција на неправилен изговор на гласовите)

-запознавање на воспитно-негователскиот кадар со проблемите во однос на говорно-јазичната комуникација и со последиците од јазичното пореметување во однос на психо-социјален и едукативен план

- соработка со родителите

- соработка со стручниот тим (учество во комисија за прием на деца, учество во работата на стручниот совет, стручно усовршување)

Логопедската рехабилитација се базира на логопедски активности кои се состојат од: Индивидуални говорни вежби, групна тераписка работа и креативна говорна работилница.

Логопедските вежби треба да бидат прилагодени на возраста на децата не треба да траат повеке од 20 минути и во зависност од патолошката основа се:

- вежби за еластичност на јазикот, вежби за третман на говорот, вежби за аудитивен развој, вежби за артикулационо стимулирање на гласот, вежби за усвојување и употреба на новиот глас, вежби за аудиолошка перцепција на гласот и следење на говорно-јазичната функција.

Автоматизацијата и функционалната примена на гласовите е процес на усвојување на корегираните гласови со цел за трајно запаметување како најважна цел на логопедските вежби и мора да се нагласи дека овој дел од вежбите е долготраен процес.

За својата работа ке се води дневник за реализирани следења, досие за деца кој се дел од логопедскиот третман, месечен извештај и годишен извештај.

## 9. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НЕГОВАТЕЛ ПЕДАГОШКО МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА- Одговорно контакт лице ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Во детската градинка нема вработено медицинска сестра откако замина во пензија. Затоа е задолжена Негователка (педагошко медицинска сестра)да ја реализира Програмата за превентивна заштита на децата запишани во градинката.

Здравствената заштита на децата има превентивен карактер и истата ке се реализира низ повеке форми и содржини:

- здравствена заштита и превенција
- исхрана на децата
- хигиена
- едукација

Здравствена заштита и превенција

- санитарни прегледи еднаш годишно за сите вработени
- санитарни прегледи двапати годишно за вработените и нивните заменици од главната кујна и чајните кујни
- систематски преглед на сите вработени
- соработка со стоматолози, аудиолози, дефектолози и логопеди
- отварање и водење досие за секое дете
- контрола и евиденција на заразни болести
- антрополошки мерења кај децата

- соработка со Заводот на здравствена заштита за земање брис од нос и грло кај децата, во случај на појава на заболување со висока контаминозност и патогеност

- редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на секој шест месеци, а по потреба и почесто

- соработка со сите останати фактори поврзани со здравсвената заштита и превенција во инерес на нашата установа

***Исхрана на децата***

- изготвување на месечни листи-мени

- контрола на исправноста и квалитетот на храната

- соработка со Дирекцијата за храна

- соработка со Републичкиот завод за унапредување на домаќинството

- соработка со Ветеринарна инспекција (храна од анимално потекло)

- воведување на НАССР систем и планско и систематско имплементирање

***Хигиена***

- контрола на хигиената на сите простории во објектите

- контрола на среставата за одржување на хигиената

- соработка со Републички санитарен и здравствен инспектор

- одржување хигиенски-микроклиматски услови во занималните каде што престојуваат децата

***Едукација***

- изготвување на флаери, брошури и сличен материјал за едукација на вработените и родителите при појава и ширење на заболувања со епидемски карактер.

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Секое дете има свои сопствени физички предиспозиции. Генетиката игра голема улога во најраниот физички раст и развој кај децата. Промените што се случуваат во раниот психо-физички раст и развој се тесно поврзани со наследувањето и генетиката на детето, преземени од своите родители. Раниот раст и развој или предучилишниот раст и развој има најголема и најзначајна улога кај децата. Социјализацијата,победувањето на стравот, привикнувањето и запознавањето на нови средини и разни други работи поврзани со детскиот живот се стекнуваат и развиваат во предучилишните установи. Преку физичкото воспитание децата покрај физичкиот развој, на кој е ставен главниот акцент, развиваат и интелектуален, емоционален и социјален степен на развој кој е неопходен во вклопувањето во новите средини кои детето ги проширува секојдневно во својот живот.

Целта на педагогот по физичко воспитание е пред се да и овозможи стручен и правилен психо-физички раст и развој на децата од предучилишна возраст, да го подобри нивното општо здравје и добросостојба, да ги едуцира и запознае децата со сите видови на спортови и спортски натпревари со кои децата ќе се сретнат во иднина, да го разбуди натпреварувачкиот дух кај децата, да ги научи да соработуваат со другите деца на спортски план, да ги сплоти со другите деца од групата и установата и да ги престраши децата од сите спортски предизвици со кои децата ќе се сретнат во понатамошната училишна возраст.

Педагогот по физичко воспитание во детската градинка ги остварува своите работни задачи во два дела:

- Теоретски
- Практичен

Теоретскиот дел се базира на објаснување на вежбите и задачите кои децата ги имаат на часот по физичко воспитание, кои се целите и задачите на децата и како тие правилно да ги реализираат.

Практичниот дел на програмата опфаќа демонстрирање на вежбите и задачите со примена на вербален и демонтсративен метод, следење и корегирање на дадените вежби кои ги прават децата и упатување кон правилно реализирање на вежбите и часот.

За децата од предучилишните установи треба да се обезбедат следните услови:

- Спортска сала или простор за реализирање на активности по физичко воспитание
- Соодветни реквизити за правилно и ефикасно реализирање на часовите
- Учење и осознавање преку игра
- Право на сопствено мислење
- Стимулација
- Доживување на успех и прифаќање на пораз

Во ЈОУДГ „Рахилка Гонева“ во учебната година 2021/2022 има вкупно 14 групи во кои престојуваат деца со одредени пречки во физичкиот развој, како деформитети, ‘рбетни искривувања, искривувања на екстремитетите и други слични проблеми.

Работата на педагогот по физичко воспитание се одвива по клонови:

- 5 пати неделно во клонот на улица Кочо Рацин и
- 2 пати неделно во клонот на улица Филип Втори

Програмата за работа на педагогот по физичко воспитание ќе се сведува на овозможување на правилен раст и развој кај децата, подобрување на моториката и моторичките способности кај децата, развој на рамнотежата, координацијата, финиот моторен развој, грубиот моторен развој, развој на мускулите на екстремитетите и трупот, соработка со дете или група, развој на натпреварувачки дух кај децата, мотивација за вежбање и спортување, следење и корегирање на движењата, учење да се прифати

пораз, превенција од деформитети и искривувања, стекнување на здрави животни навики и засакување на спортот.

Програмските активности на педагогот по физичко воспитание ќе се реализираат во насока на:

- Следење, проценување и корегирање на индивидуалниот раст и развој кај децата
- Реализирање и почитување на правилата на игрите и активностите
- Мотивирање и пофалби за правилно изработени задачи
- Организирано поставување и движење
- Елементарни игри
- Штафетни игри
- Натпреварувачки игри
- Традиционални игри
- Вежби за оформување на телото и движењата
- Основни елементи од атлетика
- Основни елементи од гимнастика
- Спортови со топка
- Соработка со семејството

Работата со деца во детските градинки се основа на поттикнување на физичкиот, емоционалниот, социјалниот развој и на развојот на перцепции.

Методите кои ќе бидат користени во секојдневната работа се методите на набљудување, вербален метод, демонстративен метод, мотивација, поттик и пофалба, објаснување, корегирање, игра и разговор.

## 10. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВОСПИТУВАЧИ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Воспитно-образовниот раководен кадар треба да биде квалитетен и одговорен и постојано да ја подобрува својата работа, со прифаќање на ризици и промени, постојано истражување и прифаќање на нови методи, тимска работа и квалитетна услуга на корисниците, соработка со пошироката заедница.

Воспитно-образовната дејност во градинката ја реализираат воспитувачите со асистенција на негователките, а во консултација со директорот, дефектологот и одговорните воспитувачи со групата на објектите на градинката. Оваа дејност, во сите воспитно-образовни групи ќе се планира тематски (интегрално) што резултира од позитивните ефекти на досегашното тематско планирање во градинката.

Тематското планирање ке ги опфати следните елементи:

- годишен глобален план кој ги вклучува: воспитно-образовни цели, годишните глобални теми, соработка со родителите, стручното усовршување на кадарот, планот за здравствена заштита на децата и индивидуалниот приод кон децата како и социоемоционалниот развој на детето.

- периодично планирање кое подразбира - планирање и реализација на одбележувањето на поважни празници и свечености во текот на годината

- одбележување на почетокот на учебната година

- 8 ми Септември-ден на независноста на Р.С. Македонија

- 14 Септември-ден на ослободување на градот Свети Николе

- 4 ти Октомври –ден на животните

- недела на детето (првата цела недела од месец Октомври 2021 година)

- учество на Детски олимписки игри (првата недела од месец Октомври 2021)

- 11 ти Октомври

- 16 ти Октомври-ден на здрава храна

- 23 ти Октомври-ден на Македонската революционерна борба

- есенска свеченост

- 8 ми Декември-ден на Св. Климент Охридски

- 19 ти Декември-празник на градот и патронен празник

- нова година - одбележување на верските празници (бадник, коледе, божиќ и велигден)

- 8 ми Март-ден на жените

- 21 Март-ден на пролетта

- 1 ви Април- ден на шегата

- 7 ми Април-ден на здравјето

- 22 Април- ден на планетата земја

- 1 ви Мај –меѓународниот ден на трудот

- 15 ти Мај-ден на семејството

- одбележување на Светските денови на храната, слободата, театарот, татковците,здравјето и друго

- одбележување завршна година на големите групи со приредба (развоен период од 5 години) и со посета на Зоолошка градина,Аеродром-Скопје-еднодневна екскурзија доколку се обезбедат услови за тоа.

- одредување на темите и субтемите

- одредување на развојните задачи за секоја тема посебно

- дневно планирање кое опфаќа: одредување на темата на денот, конкретни развојни задачи, планирање на групното време, планирање на активности во катчиња на активности, соработка со родителите и индивидуалната работа и евиденција за реализација.

Истиот кадар треба да биде стручен и постојано да се усовршува и оспособува за нови програмски содржини. Воспитувачите и негователките со својата креативност и иницијативност треба постојано да внесуваат иновации и да ја подобруваат воспитно-образовната работа.

Организирањето на воспитната работа дава можност за остварување на воспитните задачи низ разновидни активности. Процесот на згрижувачката и воспитната работа се организираат преку:

- воспитно-образовни активности

- слободни активности

**Воспитно-образовни активности**

Воспитно-образовни активности се изведуваат плански организирано низ игра детето учи, се здобива со нови знаења, умеења, ги проширува стекнатите знаења на активностите застапени со програма за рано учење и развој.

При реализацијата на програмата за рано учење и развој посебно внимание и акцент се става на следните домени (опфатени децата од шест месеци до шест години).

- Здравје и моторички развој

- Социо-емоционален развој

- Пристап кон учењето

- Јазик, комуникација и развој на писменост

- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења

Оваа година при реализација на воспитната програма посебен акцент ќе се стави и на социоемоционалниот развој на децата.Воспитувачите сите се вклучени во обуката на Колегијална поддршка која се реализира преку МТСП И УНИЦЕФ.

Во договор со ЕЛС-Општина Свети Николе и детската градинка „Рахилка Гонева“ се реализираат

Даватели на јавна услуга – 6 Негователи УНДП ОКР-ЛЕР 2021 и

1 Воспитувач

**Слободни активности**

Организирањето на слободните активности им овозможува на децата спонтано да го осознаваат светот и околината околу себе, ги запознава односите меѓу луѓето, работата и врз основа на тоа формира свој однос кон средината.

Слободните активности опфаќаат:

- слободни (спонтани) игри: творечки, конструктивни, драматизации

- игри со правила: подвижни, дидактички, прошетки, слободни игри, престој на воздух и работни активности низ кој детето ги проверува и потврдува спонтаните индивидуални способности.

Слободните активности се организираат според детските интереси и желби а се остваруваат во зависност од распоредот, просторот и годишното време. Може да се изведуваат на отворен и затворен простор зависно од временските услови.

Во склоп на овие активности посебен акцент се дава на работното и еколошкото воспитание со цел да ги поттикнува кај децата позитивните социално-емоционални односи кон работата и да развива елементарни работни умеења и навики, како и да се формира еколошката свест кај децата секојдневно преку сите домени.

Времетраењето и бројот на месечните активности зависи од возраста на воспитната група, од видот на активноста и од интересот на децата.

Планирањето и програмирањето на воспитните групи се остварува преку работа на:

- актив на воспитувачи

- актив на негователи

**Јавна и културна дејност**

Јавната, културната и информативната дејност се дел од работата со децата во текот на целата година и се остварува низ повеќе форми и дејности во зависност од степенот на развиеноста на средината и предучилишната организација.

Се организираат посети надвор од установата, посети на други предучилишни установи, посета на културен дом, библиотека, здравен дом, посета на музеј и спортска сала и други значајни институции, а воедно се планира да се организираат разни приредби, куклени претстави, прослави и други манифестации како што се Нова година, 8 ми Март, и завршна приредба за децата кои завршуваат со престојот во градинка.

Во текот на годината се планира да се организираат работилници од видот (изработка на поклони за родителите по повод Велигден, честитки за денот на мајката, есенска, новогодишна работилница, изложби, сликање на ѕидовите на градинката со слики од детските бајки и друго).

Во склоп на работилниците се продолжува со добрата соработка со стоматолошките и ортопетските тимови се со цел поголема стоматолошка едукација и мотивација кај 5-годишните деца, како и правилен раст и развој на децата, намалување на бројот на децата со рамно стопало, како и создавање на навика за вежбање кај детето.

Сето ова ќе придонесе за што поцелосно остварување на севкупните задачи низ општествено организирано предучилишно воспитание, развивање и збогатување на општествениот и културниот живот на децата.

- Соработка со родителите

Соработката со родители треба да се одвива во три насоки:

- меѓусебно информирање на воспитниот, здравсвениот кадар стручниот кадар и родителите

- воспитување и социјализирање на родителите за поуспешно одгледување и воспитување на децата во семејството

- ангажирање на родителите во остварување на задачите на предучилишната установа и општествена средина во која живее детето.

Целокупната програма ке ја реализираат:

- 1давател на јавна услуга стручен работник- дефектолог

- 1давател на јавна услуга стручен работник- логопед

- 1 давател на јавна услуга стручен соработник-музички педагог

- 1 давател на јавна услуга стручен соработник – педагог по физичко воспитување

- 15 даватели на јавна услуга- воспитувачи

- 20 даватели на јавна услуга- негователи

- 4 даватели на јавна услуга- приправник неговател

- 6 даватели на јавна услуга-негователи УНДП ОКР ЛЕР 2021

-1 даватели на јавна услуга- воспитувачи УНДП ОКР ЛЕР 2021

Директор

Билјана Василова

Проект **„Садница плус”**

Засадување на семенски материјал

**Главна цел:**

Развивање на еко-свеста кај децата,еко-патриотизам и еко-култура.

**Посебна цел**:

Потикнување на индивидуалната одговорност кај децата, зајакнување на довербата, синергијата и заедништвото, дружење и полезна социјализација.

**Целна група**

- Деца од 4-6 годишна возраст
- Воспитно-згрижувачки кадар
- Стручни работници и соработници
- Родители

**Време за реализација:**

Пролетна акција во месец Мај 2022

**Активности**

1. Садење на садници од страна на децата и вработените во детската градинка
2. Одржување на едукативни игровни работилници со цел развивање на еко-свест кај децата.
3. Набљудување на процесот на растење на садниците.

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности**:

***Координатор:*** Мира Арсова

***Заменик координатор***: Јасмина Митева

# Едукативен проект "**Бонтон за деца**"

## Главна цел:

Едукација на децата од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување и негово прифаќање како кодекс на однесување на децата .

**Посебна цел:**

Подобрување на однесувањето на децата,воспитниот кадар и родителите.

**Целна група**

- Деца од 4-6 годишна возраст
- Воспитно-згрижувачки кадар
- Стручни работници и соработници
- Родители

**Активности**

1. Одржување на редовни средби со воспитните тимови и полициските службеници од секторот за превенција заради дирекна комуникација со децата
2. Организирање на редовни средби со родителите и информирање за активно вклучување во реализација на активностите за воспитување ,предвидени со овој проект
3. Дистрибуција на прирачник за бонтон (Однесувај се убаво и пристојно)испечатен од страна на МТСП
4. Реализирање на едукативни работилници со децата преку цртање на креативни идеи
5. Одржување на театарски престави од страна на вработените во градинката на теми **Однесувај се убаво и пристојно и Убавиот збор отвара железни врати**
6. Медиумска кампања

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности**:

***Координатор: Весна Карадаковска***

***Заменик координатор***:Виолета Тошева

**Временски период:**

Континуирано,почнувајќи од месец Септември 2021 до Јуни 2022.

Проект **"Превенција на орални заболувања"**

**Главна цел:**

Едуцирани деца и  сочувано орално здравје.

**Посебна цел**:

Редукција на кариесот на првите трајни молари кај децата после 2 години.

**Целна група**

- Деца од 4-6 годишна возраст
- Воспитно-згрижувачки кадар
- Стручни работници и соработници
- Родители
- Стоматолог од Здравен  Дом Свети Николе

**Активности:**

**1.** Одржување на средба со родителите на децата за запознавање со програмата за орално здравје и потсетување за континуирана посета на децата со стоматолозите

**2.** Едукативни работилници за зачувување на оралното здравје и превенција од орални заболувања(пародонтопатија,ортодонски аномалии...)

**3.** Посета и едукативни предавања од страна на доктор по стоматологија

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности**:

***Координатор: Снежана Владева***

***Заменик координатор***: Ленче Стојчева

**Временски период за реализација**:

Септември 2021–Мај 2022

# План за проект

# “ Да ги заштитиме децата во сообраќајот ”

**Цел на проектот:**

Запознавање со основните правила од областа на безбедноста на сообраќајот

**Активности**

1. Одржување на работилница на тема:Што е сообраќај
2. Одржување на работилница на тема Видови сообраќај според средината во која се одвива
3. Одржување на работилница на тема Патна сообраќајна сигнализација
4. Одржување на работилница на тема **Светлосни сообраќајни знаци**
5. Одржување на работилница на тема **Светлосни знаци кои ги даваат овластени службени лица**
6. Одржување на работилница на тема **Елементи на јавните патишта**
7. Одржување на работилница на тема **Крстосница**

**Целна група**

- Деца од 2-6 годишна возраст
- Воспитно-згрижувачки кадар
- Стручни работници и соработници
- Родители
- Службени лица од Полициска станица Свети Николе

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности**:

***Координатор***:Сузана Монева

***Заменик координатор***:Валентина Димова Науновска

**Временски период на реализација:**

Ноември 2021 – Јуни 2022

# План за проект “**Градот низ детските очи**”

**Главна цел:**

Развивање на љубов, интерес,чувство на патриотизам, почитување, грижа и одговорност кон сопствената татковина, народ, родното место и местото на живеење.

**Посебна цел**:

Збогатување на сопствените знаења за културно и историското богатство на својот народ и својата татковина и нивно чување.

**Целна група**

- Деца од 5-6 годишна возраст
- Воспитно-згрижувачки кадар
- Стручни работници и соработници
- Родители

**Активности**

1. Организирање на посети на споменици и други културни обележја на градот
2. Организирање на ликовни работилници, приредби, манифестации

**2.1** Организирање на ликовни ателјеа низ плоштадот/Дом на културата

**3.** Организирање на детски мини фестивали /квизови на знаења на тема **Колку го познавам мојот град**

**4**.Одржување на ликовна работилница

**5**.Организирање на ликовна  аукција

**6**.Организирање на куклени преставци организирани од стручната служба и воспитувачите во градинката

**7.**Организирање на изложба  и прогласување на најкреативно изработени ликовни дела на ниво на градинка,општина и држава

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности**:

***Координатор:***Александра Симоновска

***Заменик координатор***:Викторија Спасева

**Период на реализација:**

Септември 2021– Мај 2022

Хуманитарно едукативен проект на МТСП

**“Од дете за дете”**

**Главна цел:**

Едукација за хуманост и солидарност за децата од 2-6години.

**Посебни цели**:

Почитување на потребите на другите, сочувство, пријателство и хуманост на децата од ЈОУДГРахилка Гонева спрема деца без родителска грижа, болни деца и деца од социјално загрозени семејства

**Активности**

1. Известување и поканување на родителите за активно учество во хуманитарната акција
2. Донирање н детска облека, подароци, играчки и др.
3. Евидентирање на донацијата во EXCEL табели според месец, ден и час на примената донација

***3.1*** Испраќање на дневна основа информација за примена донација до одговорното лице во МТСП

4. Одржување на едукативни работилници  тема хуманост и солидарност и изработка на играчки, подароци ,честитки
5. Организирање на две хуманитарни акции
6. Доделување на благодарница на победникот од изложбата/аукцијата.
7. Организирање на две изложби и аукции на изработените играчки и подароци

**Целна група**

- Деца од 2-6 годишна возраст
- Воспитно-згрижувачки кадар
- Стручни работници и соработници
- Родители
- Граѓани на Општина Свети Николе
- Медиуми

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности:**

***Координатор:*** Весна Кралева

***Заменик координатор*:**Анета Петрова



Сл. бр. 2 Примери на комплекс вежби наменети за превенција и корекција на рамни стапала

# “Одгледување и конзумирање на здрава храна”

**Главна цел:**

Запознавање на децата со значењето на здрава исхрана и правилен растна децата.

**Посебна цел**:

Запознавање на децата со процесот на садење,одгледување и конзумирање на здрава храна(овошје и зеленчук).

**Целна група**

- Деца од 4-6 годишна возраст
- Воспитно-згрижувачки кадар
- Стручни работници и соработници
- Родители

**Активности:**

1. Адаптирање на соодветен простор за садници (две леи) со здрава храна

2. Садење на садници со овошје и зеленчук од страна на децата , родителите и вработените во детската градинка
3. Едукативни  игровни работилници за децата на тема запознавање со стандардите за здрава храна
4. Набљудување на процесот на растење(водење на дневник,календар,фотографии)
5. Собирање на плодовите и нивно правилно конзумирање
6. Организирање на активностите за посета на фабрики за производство на храна , со цел запознавање на процесот на подготовка
7. Активности за сушење на растенијата и правење на хербариумОрганизирање на натпревари за најубава градина,најубав цртеж.

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности**:

***Координатор:***Невенка Славева

***Заменик координат:***Сузана Монева

**Време на реализација:**

Септември 2021 – Август 2022

ПРИЛОГ 7.

**ПОВРЗУВАЊЕ СО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ПРОГРАМА**

**Градинка Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева„ Општина Свети Николе**
**Учебна година 2021-2022 год.**

**I. ТЕМА: ВОДА**

| Еколошки содржини | | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| **1.** | Значење на водата за живиот свет | екологија | Когнитивен развој и стекнување на општи знаења |
| **2.** | Извори на вода и нивна искористеност | | |
| **3.** | Загадување на водата | | |
| **4.** | Рационално користење на водата | | |
| **5.** | Обезбедување на техничка вода | | |
| **6.** | Здрава вода за пиење | | |
| **7.** | Собирање и употреба на дождовница | | |
| **8.** | Анализа на состојбата на водоводната инсталација | | |
| **9.** | Изработка на упатства за рационално користење на водата | екологија | Когнитивен развој;развој на пристап кон учење |
| **10.** | Подигање на свеста на пошироката заедница (домот, локалната заедница и сл.) | | |
| **11.** | Дистрибуција на водата | | |
| **12.** | Водата и климатските промени | | |
| **13.** | Водата и одржливиот развој | | |
| **ВКУПНО** | | | |

| | Еколошки содржини | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| **1.** | Значење на енергијата за живиот свет | | |
| **2.** | Извори на енергија и нивна искористеност | Дом и семејство | Когнитивен развој;пристап кон учење |
| **3.** | Видови енергија | | |
| **4.** | Рационално користење на енергијата | | |
| **5.** | Обезбедување на енергија преку алтернативни извори: соларен систем/фотоволтаици/ветерници | | |
| **6.** | Изработка на упатства за рационално користење на енергијата | | |
| **7.** | Анализа на состојбата на електричната инсталација | | |
| **8.** | Подигање на свеста на поширокта заедница (домот, локалната заедница и сл.) | | |
| **9.** | Дистрибуција на енергијата | | |
| **10.** | Врската помеѓу енергијата и емитувањето на карбон диоксид | | |
| **11.** | Енергијата и климатските промени | | |
| **12.** | Енергијата и одржливиот развој | | |
| **13.** | Значење на енергијата за живиот свет | Дом и семејство | Социо-емоционален развој;пристап кон учење |
| **ВКУПНО** | | | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**II. ТЕМА: ЕНЕРГИЈА**

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**III. ТЕМА: ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО ГРАДИНКАТА**

| | Еколошки содржини | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| **1.** | Важноста на хигиената во зградата | | |
| **2.** | Еколошки средства за одржување на хигиена | Екологија | Социо-емоционален развој;когнитивен развој;пристап кон учење;физичко здравје и моторен развој |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.** | Еколошки бои за бојадисување | | |
| **4.** | Неупотребливи предмети | | |
| **5.** | ПВЦ амбалажа | | |
| **6.** | Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената и здрава средина | | |
| **7.** | Влијанието на хигиената врз здравјето | | |
| **8.** | Влијанието на човекот врз средината | | |
| **9.** | Анализа на состојбата во училишната зграда | | |
| **ВКУПНО** | | | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**IV. ТЕМА: УРЕДЕН ДВОР**

| Еколошки содржини | | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| **1.** | Важноста на дворот | | |
| **2.** | Биодиверзитетот во дворот | | |
| **3.** | Анализа на функционалноста на дворот | | |
| **4.** | Важноста на хигиената во дворот | Ајде во градинка | Физичко здравје и моторен развој; когнитивен развој |
| **5.** | Подигање на свеста на пошироката заедница за хигиената во дворот | | |
| **6.** | Изработка на упатства за одржување на дворот | | |
| **7.** | Наводнување на зелени површини | | |
| **8.** | Хортикултурално уредување | | |
| **9.** | Компост и компостирање | | |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО** | | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**V. ТЕМА: ОТПАД**

| | **Еколошки содржини** | **Тема** | **Воспитно-образовна област** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Видови отпад | | |
| **2.** | Анализа на отпадот во зградата и дворот | | |
| **3.** | Селекција на отпад | | |
| **4.** | Рециклирање | екологија | Пристап кон учење;когнитивен развој |
| **5.** | Реупотреба | | |
| **6.** | Депонии и диви депонии | | |
| **7.** | Влијанието на отпадот врз здравјето и средината | екологија | Пристап кон учење;когнитивен развој |
| **8.** | Подигање на свеста на поширокатa заедница за управување со отпад | | |
| **9.** | Изработка на упатства за управување со отпад | | |
| **10.** | Анализа на состојбата со отпадот во зградата и дворот | | |
| **11.** | План за намалување на отпадот | | |
| **ВКУПНО** | | | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

VI. ТЕМА: БИОДИВЕРЗИТЕТ

| Еколошки содржини | | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| 1. | Локален и национален биодиверзитет | | |
| 2. | Анализа на биодиверзитетот во локалната средина | | |
| 3. | Еколошки акции | екологија | Физичко здравје и моторен развој;пристап кон учење;социо-емоционален развој |
| 4. | Влијанието на човекот врз биодиверзитетот | | |
| 5. | Влијанието на климатските промени врз биодиверзитетот | | |
| 6. | Подигање на свеста на поширокатa заедница за локалниот биодиверзитет | | |
| 7. | Влијанието на отпадот врз биодиверзитетот | | |
| 8. | Изработка на упатства за заштита на биодиверзитетот | | |
| **ВКУПНО** | | | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

| Еколошки содржини | | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| 1. | Видови транспорт | Детето и сообраќајот | Физичко здравје и моторен развој;когнитивен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | развој;пристап кон учење;социо-емоционален развој |
| **2.** | Влијанието на транспортот врз здравјето | | |
| **3.** | Влијанието на транспортот врз средината | Детето и сообраќајот | Физичко здравје и моторен развој;когнитивен развој;пристап кон учење;социо-емоционален развој |
| **4.** | Анализа на состојбата на локалниот транспорт | | |
| **5.** | Транспортот и безбедноста | | |
| **6.** | Подигање на свеста на пошироката заедница за користење на јавен превоз и велосипед | | |
| **7.** | Изработка на упатства за користење на јавен превоз и велосипед | | |
| **ВКУПНО** | | | |

**VII. ТЕМА: ТРАНСПОРТ**

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**VIII. ТЕМА: ЗДРАВЈЕ**

| Еколошки содржини | | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| **1.** | Органска храна | | |
| **2.** | Органско производство | Пролет | Когнитивен развој;пристап кон учење;физичко здравје и моторен развој |
| **3.** | Квалитет на храна и нутриционизам | | |
| **4.** | Пирамида на исхрана | | |
| **5.** | Влијанието на физичката активност врз здравјето | | |
| **6.** | Влијанието на храната врз здравјето | | |
| **7.** | Подигање на свеста на пошироката заедница за користење здрава храна | | |
| **8.** | Изработка на упатства за користење на здрава храна | | |
| **ВКУПНО** | | | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**IX. ТЕМА: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**

| Еколошки содржини | | Тема | Воспитно-образовна област |
|---|---|---|---|
| **1.** | Дефиниција и значење на одржливиот развој | | |
| **2.** | Важност од зачувување на природните живеалишта | | |
| **3.** | Локална, национална и глобална нееднаквост | | |
| **4.** | Социјална правда | | |
| **5.** | Рационално користење на природните | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ресурси | | |
| **6.** | Одговорност кон животната средина | Есента ни пристигна | Когнитивен развој;физичко здравје и моторен развој;пристап кон учење |
| **7.** | Одговорна и рационална потрошувачка | | |
| **8.** | Подигање на свеста на пошироката заедницаза граѓански активизам | | |
| **9.** | Дефиниција и значење на одржливиот развој | | |
| **ВКУПНО** | | | |

* додајте еколошки содржини и редови по потреба

**Изготвил:**

Наташа Ордева   и   Маја Лазева

# ПРОЕКТ

## ,,Моја хигиена –моја навика,,

**Главна цел:**

Грижата за хигиената е една од основните мерки за зачувување на здравјето,па затоа главната цел е стварање на добри хигиенски навики,градење на чуство за одговорност и грижа за самиот себе,спроведување на мерките и активностите за добивање навики и потрбното ниво на хигиена,препознавање на материјалите за одржување на лична хигиена и одржување на лична хигиена.

**Посебна цел:**

Развивање на способност за поставување  прашања со цел да добие одговор за непознатото за искажување и опишување на личните доживувања,подржување на интерес кај децата за стекнување на нови знаења и потикнување на љубопитност,трпеливост и истрајност.

**Целна група**

-деца од 2 до 6 годишна возраст

-воспитно-згрижувачки кадар

-стручни работници и соработници

-родители

**Активности**

**1.**Информирање на родителите за потребата од материјалите кои треба да ги обезбедат за лична хигиена на децата и понатамошно одржување на истите

**2.**Практично показен дел од страна на стручниот персонал,за начинот на чување и употреба на материјалите за лична хигиена на децата.

**3.**Обележување на материјалите за лична хигиена посебно за секое дете (најсоодветно со исцртување на симбол на приборот со фломастер за ткаенина)

**4.**реализирање на соработка со стоматолог

**5.**задолжителна активност на миење заби по ручекот

**6.**соработка со родителите

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности:**

**Координатор:**Елизабета Димитриевска

**Заменик координатор:**Стојанка Шаматова

**Временски период:** Континуирано ,почнувајќи од месец Септември 2021 до Јуни 2022 година

## ПРОЕКТ

## ,,Рециклирање со имагинација,,

**Главна цел:**

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст,за бенефитите од селектирањето на отпадоци и негово рециклирање,да им понуди на децата добри животни навики,лична одговорност за заштита на животната средина,правилно рециклирање на отпад и да се намали обемот на мешан отпад.

**Посебна цел:**

Здравиот начин и свеста за проблемите на животната средина,за кои треба да сугерираме за поглемо внимание и почитување на правилата за заштита на светот и неговите ресурси.

**Целна група**

-деца од 3 до 6 годишна возраст

-воспитно-згрижувачки кадар

-стручни работници и соработници

-родители

**Активности**

**1.**Гледање на анимирани филмови за еколошки прашања

**2**.Симулациски игри на сепарирање на отпад

**3**.Изработка на предмети од материјали за рециклирање

**4**.Изложба на предметите изработени од децата

**5**.Да се оспособи да ги препознава материјалите за рециклирање

**6**.Да се поттикне и развие мисловниот процес,помнење,селектирање

**7**.Да се развива знаење за животната средина

**Одговорни лица за спроведување на проктните активности:**

***Координатор*:**Весна Карадаковска

***Заменик координатор*:**Добрица Т.Марков

**Временски период:**

Континуирано,почнуваќо од месец Септември2021 до Јуни 2022 година

**ПРОЕКТ**

**,,Семејството и семејните вредности,,**

**Главна цел:**

Развивање на свест кај децата од предучилишна возраст за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности

**Посебна цел:**

Да се воведат децата кон запознавање на елементарните морални вредности со кој се регулира односот кон себе и кон другите(почит,добро однесување,солидарност,хуманост)

**Целна група**

-деца на возраст од 4 до 6 годишна возраст

-воспитно-згрижувачки кадар

-стручни работници и соработници

-родители

**Активности**

**1.**Организирање заеднички активности со родителите

**2.**Организирање прошетки,посети со родителите

**3.**Спроведување на анкета со родителите

**4.**Организирање на работилници со децата и родителите

**5**.Советување на родителите во насока на зачувување на семејните вредности

**6.**Организирање на едукативни предавања и работилници

**7**.Да се развива способност за стекнување знаења за средината и опкружувањето

**8**.Да се оспособат самостојно да го одржуваат и средуваат просторот во кој престојуваат и живеат

**9**.Да се оспособат за меѓусебна комуникација со врсниците и возрасните во градинка и семејството

**Одговорни лица за спроведување на проектните активности:**

***Координатор*:**Јованка Питова Петрески

***Заменик координатор:***Јулијана Саздова

**Временски период:** Континуирано,почнувајќи од месец Септември 2021 до месец Јуни 2022 година.

ЈОУДГ „Рахилка Гонева“ Состојба 07.09.2021

ОПШТИНА Свети Николе

на бројот на вработени и ангажирани лица во установата на работите за остварување на дејноста (работно место) според фактичка стручна подготовка

| Р. бр. | Опис | Вкупно | Фактичка стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Неопределено време | Договор на дело | Определено време | [illegible] | [illegible] | Волонтери |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Раководни работници | | | | | | | |
| | директор | 1 | 1 | | 0 | | | |
| 2 | Стручни работници | | | | | | | |
| | педагог | | | | | | | |
| | психолог | | | | | | | |
| | социјален работник | | | | | | | |
| | дефектолог/специјален едукатор и рехаб | 1 | 1 | | | | | |
| | логопед | 1 | 1 | | | | | |
| | доктор по медицина | | | | | | | |
| | педијатар | | | | | | | |
| | доктор по стоматологија | | | | | | | |
| | др. стручни работници | | | | | | | |
| 3 | Згрижувачки кадар | | | | | | | |
| | негователи | 24 | 22 | 0 | 2 | | | 6 |
| | негувател кој работи во група со деца со посебни потреби | | | | | | | |
| | негувател кој работи во група во која има и деца со посебни потреби | | | | | | | |
| 4 | Воспитен кадар: | | | | | | | |
| | воспитувачи | 15 | 15 | 0 | | | | 1 |
| | воспитувач кој работи во група со деца со посебни потреби | | | | | | | |
| | воспитувач кој работи во група во која има и деца со посебни потреби | | | | | | | |
| | помошник воспитувач за група на деца со посебни потреби | | | | | | | |
| 5 | Стручни соработници | | | | | | | |
| | музички педагог | 1 | 1 | | | | | |
| | дипломиран ликовен педагог | | | | | | | |
| | педагог за физичко воспитување | 1 | 1 | | | | | |
| | медицинска сестра | 0 | 0 | | | | | |
| | и нутриционист | | | | | | | |
| | социјален работник ( VI степен) | | | | | | | |
| 6 | Административен кадар: | | | | | | | |
| | секретар | | | | | | | |
| | други административни работи (архивар) | | | | | | | |
| | сметководител | 1 | 1 | | | | | |
| | благајник | | | | | | | |
| | економист | 1 | 1 | | | | | |
| | материјален книговодител | | | | | | | |
| | книговодител кој врши и други работи | | | | | | | |
| | финансов книговодител | | | | | | | |
| | технички администратор | | | | | | | |
| 7 | Готвачки кадар: | | | | | | | |
| | главен готвач | | | | | | | |
| | готвачи | 2 | 2 | | | | | |
| | помошник во кујна | | | | | | | |
| | помошник готвач во главна кујна | 1 | 1 | | | | | |
| | помошник готвач во чајна кујна | 0 | 0 | | | | | |
| | самостоен сервирер | 2 | 2 | | | | | |
| 8 | Друг технички кадар | | | | | | | |
| | домаќин-економ | | | | | | | |
| | мајстор-ложач | 1 | 1 | | | | | |
| | ложач на парни котли | | | | | | | |
| | ракувач на парни котли | | | | | | | |
| | ракувач на парни котли кој е и домаќин | | | | | | | |
| | хаус-мајстор | 1 | 1 | | | | | |
| | градинар/чувар | | | | | | | |
| | перачка | | | | | | | |
| | чуварка | 1 | 1 | | | | | |
| | шивачка | | | | | | | |
| | хигиеничари | 7 | 7 | | | | | |
| | вкупно: | 60 | 61 | 0 | 2 | | | 7 |

Изработил

[illegible]

Директор

[illegible]